**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), член 6 став 1 и член 68 став 1 точка 2 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15 и 190/16), член 5 став 1 и член 14 став 6 од Законот за Македонската банка за поддршка на развојот („Службен весник на Република Македонија" бр. 105/09), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# О Д Л У К А
## за методологијата за управување со кредитниот ризик од страна на Македонската банка за поддршка на развојот („Службен весник на Република Макеодниja" бр. 241/18)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишува методологијата за управување со кредитниот ризик од страна на Македонската банка за поддршка на развојот (во понатамошниот текст: МБПР).

Методологијата ги вклучува класификацијата, начинот на утврдување на исправката на вредноста и износот на посебната резерва (очекуваната кредитна загуба), супервизорските стандарди за пристигнатите за наплата, а ненаплатени побарувања и опфатот и елементите на управувањето со кредитниот ризик.

Изразите коишто се употребени во оваа одлука го имаат истото значење како во Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/18).

## II. КЛАСИФИКАЦИЈА НА КРЕДИТНАТА ИЗЛОЖЕНОСТ

2. МБПР е должна да ја врши класификацијата на изложеноста на кредитен ризик на начинот и според критериумите предвидени во глава II. од Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик.

По исклучок на ставот 1 од оваа точка, МБПР не е должна да ги применува одредбите од точката 9 потточка 9.4., алинеи 4, 5 и 6 од Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик, при кредитно осигурување и откуп на побарувања (факторинг и форфетинг) врз основа на извоз.

По исклучок на ставот 1 од оваа точка, МБПР ја оценува кредитната способност на нефинансиското правно лице – нерезидент најмалку еднаш на дванаесет месеци, или почесто доколку се исполнети критериумите за зголемување на кредитниот ризик,

дефинирани во интерните акти согласно со точката 51 потточка 51.3. од Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик.

## III. УТВРДУВАЊЕ НА ИСПРАВКАТА НА ВРЕДНОСТА И НА ПОСЕБНАТА РЕЗЕРВА

3. МБПР е должна да утврдува исправка на вредноста и посебна резерва врз основа на утврдената очекувана кредитна загуба на поединечна и/или на групна основа, согласно со одредбите од главата III. од Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик.

По исклучок на ставот 1 од оваа точка, полисите за осигурување на побарувањата коишто ги издава МБПР не се вклучуваат во првокласен инструмент за обезбедување од точката 24 од Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик.

## IV. ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ

4. На МБПР се применуваат одредбите од главите IV., V. и VI. и точките 59 и 61 од главата VII. од Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

5. Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 2019 година.

6. На денот кога ќе почне да се применува оваа одлука, престанува да важи Одлуката за методологијата за утврдување на исправката на вредноста, односно за издвојување посебна резерва од страна на Македонската банка за поддршка на развојот („Службен весник на Република Македонија" бр. 121/13).

**О бр. 02-15/XIX-2/2018**
**20 декември 2018 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**